ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

УП1 бр. 30-341 од 07.12.2022 год.

**ПРЕДМЕТ:** Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 567/2 КО Нижеполе, Општина Битола

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20), Општина Битола го става на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 567/2 КО Нижеполе, Општина Битола. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 07.12.2022 заклучно со 21.12.2022 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на Општина Битола ул.Булевар 1-ви Мај бр.61, 7000 Битола.

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на општината.

Со почит,

Изработил, советник:

Христијан Атанасовски, д.и.а.

Градоначалник на Општина Битола:

Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА